Macedonian
[AHS-8475]

# ПОСТ-ОПЕРАТИВНИ УПАТСТВА ЗА ОЧНИ ПАЦИЕНТИ

## (POST OP INSTRUCTIONS FOR EYE PATIENTS)

1. Првата ноќ после операцијата преку вашето око ќе биде ставено очно перниче и пластичен штит. Следниот ден перничето ќе биде извадено за да може лекарот го провери окото. Потоа ќе ви биде покажано како да ги користите капките за очи.

2. Употребувајте ги капките за очи/лековите како што ви е речено. Без совет од лекарот НЕМОЈТЕ да престанете да ги употребувате капките и лековите. Ве молиме погледајте го приложениот лист “Како да користите капки/маст за очи“ (“How to use eye drops/ointment”).

3. Можете да се земете Парацетамол (или “Панадол“/ “Панамакс“/ “Димадон“) или “Панадин“ ако почуствувате било каква болка по операцијата. НЕМОЈТЕ ДА ЗЕМАТЕ аспирин, но ако земате аспирин заради некоја друга здравствена причина (нпр. спречување на згрутчување на крвта – clots) зборувајте прво со вашиот лекар пред да почнете со земање аспирин по операцијата на окото.

4. НЕМОЈТЕ да ги притискате или да ги чешате очите.

5. Можете да вршите активности како што се читање, туширање, гледање телевизија. ОДБЕГНУВАЈТЕ тешка физичка работа барем најмалку за 3 недели. НЕ СМЕЕТЕ да возите или продолжите да се бавите со спорт се додека лекарот не ви рече дека е безбедно тоа да го правите.

6. Ставајте си капки во окото како што ви е речено од лекарите и медицинскиот персонал. (Погледајте во листот “Како да користите капки/маст за очи“ - “How to use eye drops/ointment”). За постигнување максимален ефект капките ставајте ги во интервал од 5 минути.
   Нежно избришете ги очните капаци со чисто хартиено шамивче (tissue) натопено во оладена превриена вода или во солен раствор, од внатрешниот крај на окото кон надворешниот крај (те. од крајот близу до носот кон образната коска - cheek bone). Ако е потребно повторете го истото со чисто хартиено шамивче.

7. Кога одите на спиење мора да си ја ставите очната заштита за да си го заштитите окото од удар или триење додека спиете.

8. Можете да си ги носите препишаните наочари или наочарите за сонце со цел да го намалите сончевиот сјај во очите.

9. Ако на другото око послабо гледате, откако ќе излезете од болницата можеби ќе треба да организирате некој да ви помага дома. Многу е важно да имате пријател или роднина да ве одведе од болница до дома.

10. Исто така, важно е да дојдете на следниот закажан преглед. Молиме донесете ги:
    - вашите капки за очи / лекови за очи
    - вашите препишани наочари (ако носите)
    - вашата карта за закажување посети/прегледи

11. Ако окото ненајдено ви се зацрвени, ве чеша, ви течат солзи, се воспали или ви се влоши видот веднаш МОРАТЕ да се консултирате со вашиот лекар или да телефонирате во Сиднејската Очна Болница (Sydney Eye Hospital). НЕ ЧЕКАЈТЕ до вашатиот следен закажан преглед (DO NOT wait until your next appointment.).

12. Телефон: 9382 7514 Од 8 часот наутро до 5 часот попладне
    93827111 24 часа (тел.централа)